**18.4.2022**

**.**



.

Викендов, со голем број на присутни љубители на спортот во Демир Хисар, во спортската сала „Јордан Пиперката“, Демир Хисар, а во рамки на VII. Хуманитарен меѓуинституционален турнир во мал фудбал, 2022 год., под генерално покровителство на градоначалникот Никола Најдовски, се одиграа натпреварите од финалната вечер.

.



. **Резултати, финални натпревари: за трето место: Општина Демир Хисар - ООУ „Браќа Миладиновци“ 4:2; финале: ОВР Демир Хисар - АРМ 5:5 (3:2, пенали).**

**- прво место: ОВР Демир Хисар; второ место: АРМ; трето место: Општина Демир Хисар**

За најдобар играч на турнирот беше прогласен Стефан Каревски од екипата на ОВР Демир Хисар, освојувачите на првото место и златниот медал. .



. Градоначалникот Најдовски, упати честитки за освоените места и ја поздрави фер и коректната игра до сите учесници - екипи на овогодинешниот турнир, а воедно и, со посебен акцент рече дека е почестен и привилегиран што може да ја сподели радоста и задоволството што продолжува традицијата за организирање на хуманитарни фудбалски турнири, со што во иднина беспрекорно ќе ги поддржуваме, но и ќе поттикнуваме и нови иницијативи и да спроведуваме и други заеднички активности, како важни настани за нашата општина. И оваа година, обезбедените средства, ќе бидат наменети во хуманитарни цели кои ќе бидат организирани во пресрет на големиот христијански празник, Велигден. .



.



